# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

*11.09.2026 година * Број 15 * Година XX *
Издегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, Септември, 2026 година

Врз основа на член 50, во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) како и врз основа на член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош - пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/26 кој ги опфаќа Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/06 и сите негови измени објавени во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 8/13, 15/14, 9/19, 7/20, 3/21, 23/22 и 2/26), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за утврдување на престанок на должноста на вршителот на должност директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решението за утврдување на престанок на должноста на вршителот на должност директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош – Скопје бр.11-451/8 од 11.9.2026 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош,.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7960/1**
**Датум: 11.9.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Број: 11 -451/8
Датум: 11.9.2026
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на престанок на должноста на вршителот на должност директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Со ова решение се утврдува престанок на должноста на вршителот на должност директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош – Скопје, на лицето Марија Стефановска, вработена во установата на работно место логопед, поради именување на директор на установата, заклучно со 10.09.2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Градоначалникот на Општина Карпош на ден 23.7.2026 година со Решение за изменување вршител на должноста директор во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош, Скопје бр.11-451/7, за вршител на должноста директор ја именуваше Марија Стефановска, вработена во установата, на работно место логопед. Во точка 2 од решението е утврдено дека должноста на директор именуваната ќе ја врши почнувајќи од 23.7.2026 година, а до именување на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од именувањето.
Управниот одбор на градинката спроведе постапка за избор на директор и по спроведената постапка до Градоначланикот на Општина Карпош достави предлогот за избор на директор на ЈОУДГ „Распеана Младост“-Општина Карпош, Скопје, со целокупната документација по спроведениот оглас, доставена со допис бр.11-7870/1 од 7.9.2026 година.

Врз основа на горе изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.**

Доставено до
ЈУОДГ „ Распеана Младост“
- Именуваниот/та
- Секторот за дејности од јавен интерес и
- Архивата

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Сотир Лукровски,с.р.**

Врз основа на член 50, во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) како и врз основа на член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош - пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/26 кој ги опфаќа Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/06 и сите негови измени објавени во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 8/13, 15/14, 9/19, 7/20, 3/21, 23/22 и 2/26), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за избор на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “- Општина Карпош, Скопје**

1. Се објавува Решението за избор на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош – Скопје бр.11-7870/2 од 11.9.2026 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош,.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7960/2**
**Датум: 11.9.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Број: 11 -7870/2
Датум: 11.9.2026
Скопје

Врз основа на член 50, став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија 202/24 ), а во согласност со член 123 став 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17,21/18,198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19,146/19,275/19,311/20,294/21,150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), а во врска со Предлогот за кандидат за избор на директор на ЈУОДГ „ Распеана Младост “, Карпош-Скопје, од Управниот одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ број 02-172/5 од 03.09.2026 година заведен во општината со арх.број 11-7870/1 од 07.09.2026 година, Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ

**за избор на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “- Општина Карпош, Скопје**

1. Со ова Решение, лицето Гоце Талевски од Скопје, дипломиран доктор по стоматологија, се избира за директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“- Општина Карпош, Скопје, со мандат од 4 (четири) години, сметано од 11.09.2026 година.

2. Бруто износот на платата на директорот на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје, ќе биде утврден со посебно решение донесено од страна на ЈУОДГ„Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје, согласно важечките законски прописи.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Вршителот на должноста директор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје до Градоначалникот на Општина Карпош на ден 1.4.2026 година достави Известување со барање согласност за отпочнување постапка за избор на директор бр.11-3449/1, по што на ден 8.4.2026 година Градоначалникот на Општина Карпош донел

Одлука за давање согласност за објавување на јавен оглас за избор на директор на ЈУОДГ „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје бр.11-3449/2.

На 28.7.2026 година Управниот одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје донел Одлука за распишување јавен оглас за избор на директор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ Карпош Скопје бр.02-141/5, по што на 4.8.2026 година ЈУОДГ „Распеана Младост“ објави Јавен оглас за избор на директор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје бр.02-141/8 од 28.7.2026 година, во дневите весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“.

На 14.8.2026 година Комисијата за прием и разгледување на пријавите по јавниот оглас за избор на директор на ЈУОДГ „Распеана Младост“, Карпош, Скопје по објавен оглас одржала седница на која е констатирано дека по јавниот оглас се пријавени двајца кандидати и по извршениот преглед комисијата утврдила дека двајцата кандидати ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас и важечките прописи, на Записник бр.02-152/1 од 14.8.2026 и Извештај бр.02-152/2 од 14.8.2026 година.

На 3.9.2026 година (Заклучок со бр.02-172/5 и Записник бр.02-172/6) Управниот одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ одржал седница и на истата седница било извршено интервју со двајцата кандидати, по што е спроведено гласање и е утврдено дека со 6 (шест) гласа за и 1 (еден) глас против, за директор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ Општина, Карпош, Скопје го предлага лицето Талевски Гоце, со мандат од 4 години.
Управниот одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ Карпош, Скопје на 7.9.2026 година до Градоначалникот на Општина Карпош го достави предлогот со целокупната документација по спроведениот оглас бр.11-7870/1.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоловниот кандидат во рок од 8 (осум) дена од приемот на решението има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Доставено до
ЈУОДГ „ Распеана Младост“
- Именуваниот/та
- Секторот за дејности од јавен интерес и
- Архивата

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Сотир Лукровски, с.р.

СОДРЖИНА

1. Решение за утврдување на престанок на должноста на вршителот на должност директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош – Скопје, со Решение за објавување
2. Решение за избор на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “- Општина Карпош, Скопје, со Решение за објавување

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.„“Никола Русински“ бр.11, Скопје
Тираж: 10 примероци